Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 21.05.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2952 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 5 до 11 мај 2014 година

***Предмет на надзорот:***

1. **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 05-та седница одржана на 29.01.2014 година, во врска со предложениот Извештај од вонредниот надзор на програмскиот сервис на **ТРД ТВ МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје**, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, донесе заклучок да го задолжи Секторот за програмски работи, по истекот на рокот од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на поединечниот акт (решението), да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Констатации:***

Со контролниот надзор е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **делумно постапил по опомената**, не е целосно отстранета извршената повреда на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот од 5 до 11 мај 2014 година, е констатирано дека ТРД ТВ МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје во текот на неделата емитуваше вкупно 8 часа 2 минути и 1 секунда вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, но не ја почитуваше обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика во текот на неделата. Имено, народната музика беше застапена со 3 часа 14 минути и 56 секунди, а забавната музика со 4 часа 47 минути и 5 секунди. Инаку, ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје (ТВ Телма) ги почитуваше одредбите од став 6, најмалку половина од обврската за музика, утврдена во став 4, да ја остварува во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во периодот од 07.00 до 19.00 часот, се емитувани вкупно 3 часа 7 минути и 19 секунди народна музика и 4 часа 45 минути и 37 секунди забавна музика.

***Опис на прекршувањето:***

Програмскиот сервис на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје, во периодот од 5 до 11 мај 2014 година, не ја почитуваше обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика во текот на неделата. Во анализираната недела, наместо по најмалку 4 часа забавна и народна вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, емитуваше 3 часа 14 минути и 56 секунди народна музика, што е спротивно на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**